

# ВОДИЧ ЗА НОВИНАРИ

## ЈАВНОСТ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ

ФЕВРУАРИ 2024

СУДСКО
МЕДИУМСКИ
СОВЕТ

# ВОДИЧ ЗА НОВИНАРИ

## ЈАВНОСТ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ

ПРОЕКТ: “ПОДДРШКА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО СУДСТВОТО И ПРОМОВИРАЊЕ НА ЈАВНАТА ДОВЕРБА ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ”

Идентификационен број на проектот: SINLEC22GR0231

Имплементатор:
Здружение на судиите на Република Северна Македонија

Автори на водичот:
Саше ДИМОВСКИ и Александар ДИМИТРИЕВСКИ

Графички дизајн: АДД-ВЕРТА ЛТД доо Скопје

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот “ПОДДРШКА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО СУДСТВОТО И ПРОМОВИРАЊЕ НА ЈАВНАТА ДОВЕРБА ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ”, поддржан од Бирото за меѓународна борба против наркотици и за спроведување на законите (ИНЛ) при Стејт Департментот на САД. Изразените ставови и мислења се на авторите на овој водич и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на донаторот.

# СОДРЖИНА

1. ОПШТИ НАЧЕЛА

2. ЈАВНОСТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

3. ЈАВНОСТ ВО ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА

4. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИТЕ И ВРХОВНИОТ СУД

5. ОБЈАВУВАЊЕ СУДСКИ ОДЛУКИ

6. ОДРЕДБИ ОД КОДЕКСОТ НА НОВИНАРИТЕ

7. ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОТВОРЕНО СУДСТВО

8. РЕЛЕВАНТНИ ДОКУМЕНТИ



# I ОПШТИ НАЧЕЛА

Правото на правично судење е едно од основните човекови права, гарантирано со Уставот на Република Северна Македонија.

Еден од основните елементи на правото на правично судење е јавност на судењата пред првостепениот суд.

Начелото на јавност во кривичната постапка се гледа од два аспекта. Од една страна, јавниот карактер на судењето им овозможува на граѓаните да имаат увид во работата на судовите, а од друга страна,со јавното сослушување на странките пред судот се стреми да се постигне „фер“ судење и дека доказната постапка не се заснова исклучиво на писмени докази.

Јавноста во судските постапки, како едно од основните човекови права, може да се ограничи согласно Уставот.

Процесните закони во кривичната и во парничната постапка пропишуваат дека исклучувањето на јавноста во судска постапка е дозволено поради: заштита на интересите на националната безбедност, јавниот ред и мир, зачувување на моралот, заштита на интересите на малолетниците или приватноста на учесниците во постапката.

Исклучувањето на јавноста може да се однесува на целата главна расправа или само на еден нејзин дел.

Во сите случаи, кога е исклучена јавноста, Судот мора да донесе решение за тоа, во кое ќе го наведе основот и јавно ќе го објави.

Исклучувањето на јавноста без основ се смета за повреда на постапката, на што странката може да укаже во жалбена постапка, а повисокиот суд цени дали е сторена повреда.

Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.

Државните органи, медиумите и другите субјекти се должни да ја почитуваат пресумпцијата на невиност, а со своите јавни изјави за постапката што е во тек не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност.



# II ЈАВНОСТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

## II.1 ПРЕДИСТРАЖНА И ИСТРАЖНА ПОСТАПКА

- Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела

- На територијата на Република Северна Македонија постапуваат 23 Основни јавни обвинителства (пред основните судови), 4 Виши јавни обвинителства (пред апелационите судови) и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (пред Врховниот суд).

- Основните и Вишите јавни обвинителства постапуваат по предмети за територијата за која се основани (надлежни), а само Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и

корупција (ОЈО ГОКК) постапува за територијата на цела држава, а постапува пред Кривичниот суд во Скопје. Во надлежност на ОЈО ГОКК се и кривичните дела за територијата на целата земја извршени од припадниците на МВР и Затворската полиција.

- Јавниот обвинител отвора предистражна постапка доколку постојат основи на сомневање за сторено кривично дело

- Предистражната постапка е тајна. Тајни се и сите дејствија преземени од јавниот обвинител и/или полицијата

- За повреда на тајноста на постапката предвидена е казна затвор во траење до три години (член 369 од КЗ)

- Истражната постапка се поведува кога постои основано сомневање дека е извршено кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог.

- Јавниот обвинител може да нареди како тајна да се чуваат одредени податоци од истражната постапка

- Со наредбата за истрага, јавниот обвинител предлага мерка притвор или други мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот до судија на претходна постапка, кога за тоа има основ, утврден во законот.

- За притвор, изрекување на мерки на претпазливост, издавање наредби во претходна постапка (истрага), замрзнување на имот, склучување на спогодба со јавен обвинител, одлучува судија на претходна постапка (поединец).

- Судијата на претходна постапка цени и дали лицето е законски лишено од слобода, задржано во полициска станица и во законски утврдено време, изведен пред јавен обвинител или судија.

- По жалба против одлуките на судијата на претходна постапка одлучува Кривичен совет на судот составен од тројца судии.
  Решенијата со кои се определува притвор, посебно причините

за прифаќање, нема правна пречка да бидат јавни. Во форма на соопштение или сентенци, судовите можат да ги објават на Судскиот портал.

Јавното обвинителство ја информира јавноста за случаи кои се од јавен интерес, притоа почитувајќи ја презумпцијата на невиност, на приватен живот и достоинство, правото на правично судење.

Јавното обвинителство споделува информации за предложените мерки за обезбедување присуство на осомничениот, мерки за конфискација, замрзнување на имот, за поднесени правни лекови и други прашања кои се од интерес на јавноста.

Во Јавното обвинителство постои служба за односи со јавноста преку која може да се бараат одговори за постапувањето на обвинителството, да се бараат обвинителни предлози и акти, во форма согласно закон и други информации за работењето на обвинителството.

Службата за односи со јавноста во ЈОРМ, не ги заменува брифинзите, интервјуата, изјавите, соопштенијата и информациите што може да ги сподели секој Јавен обвинител при вршење увид на лице место и други работи од делокруг на обвинителот на територијата на целата земја, ако на нивното подрачје се случил кривично-правен настан.

Информациите кои се содржани во Годишниот извештај на ЈОРМ кој го разгледува Собранието на РСМ за состојбата на криминалитетот и други прашања од општо значење од работењето на обвинителствата се јавни. Јавни се и сите периодични анализи, статистики и други информации што може да ги креира Јавното обвинителство, како имател на информации.

Тарифниците, документација за јавни набавки, годишен буџет и завршна сметка, органограм, стратешки планови на судови и обвинителства, годишниот распоред за работа, исто така се документи/информации од јавен карактер

Имателите на информациите стекнати или составени за истрага, кривична или прекршочна постапка, може да одбијат слободен

пристап до информациите, ако тоа носи штета за текот на постапката.

- Јавното обвинителство може да дозволи увид во уписници и списи кои се архивирани.

- Новинарите можат да вршат увид во судски предмети за новинарски истражувања, во постапка утврдена со закон и со Судскиот деловник.

- Доколку бараат копии, препис, електронска верзија или слично што предизвикува дополнителен трошок за институцијата, трошокот паѓа на товар на барателот.

## II.2 ОБВИНЕНИЕ И ОЦЕНКА НА ОБВИНЕНИЕ

- По завршувањето на истражната постапка, ако обвинителот утврди дека постојат доволно докази за осудителна пресуда за дело кое се казнува со најмалку пет години затвор, подготвува и поднесува обвинителен акт до надлежен суд

- Кога станува збор за дело за кое е предвидена казна затвор до пет години или парична казна, јавниот обвинител може да достави и обвинителен предлог, предлог за издавање казнен налог или да пристапи кон спогодба со осомничениот

- Судот го оценува обвинителниот акт/предлог преку совет составен од тројца судии (за дела за кои е запретена казна затвор над 10 години) или судија-поединец (за дела за кои е запретена казна до 10 години затвор)

- Доколку судијата/советот за оценка на обвинението закаже јавна седница на барање на странките, нема правна пречка на истата да присуствуваат и новинарите како јавност

Обвинението е информација од јавен карактер, која новинар може да ја добие од надлежното обвинителство, во законски пропишана форма.

## II.3 СКРАТЕНИ ПОСТАПКИ И ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА

За кривични дела за кои е предвидена парична казна до 100 глоби, или условна осуда, конфискација на имот или забрана за управување на возило, а се од надлежност на судија поединец, доколку има доволно докази, на предлог на Јавниот обвинител, судот може да издаде казнен налог (пресуда без судење) каде што обвинетиот нема да биде повикан и распрашан. Во оваа постапка, судот не може да изрече ефективна казна затвор.

Ако судијата го прифати предлогот за издавање казнен налог и донесе пресуда, истата ќе стане правосилна доколку осудениот не поднесе приговор на истата. Доколку биде поднесен приговор, судот задолжително закажува расправа и постапката продолжува како да не била донесена пресуда за издавање на казнен налог.
Спогодбата помеѓу осомничениот и јавниот обвинител е тајна, како за јавноста, така и за судот кој треба да ја продолжи постапката, под услов спогодбата да не успее или истата да не биде верификувана од страна на судот, доколку е спротивна на материјалниот и процесниот закон.

Во постапката за спогодување учествуваат јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител, а подоцна се вклучува судијата на претходна постапка, кој треба да ја верификува спогодбата. Рочиштето кое го свикува судијата на претходна постапка за верификација на спогодбата е тајно.

Доколку се прифати спогодбата и се донесе пресуда, која станува правосилна со прифаќањето, тогаш истата е јавна и медиумите имаат право на пристап до истата, а таа во рокот утврден во Упатството за објавување на правосилни пресуди, се објавува и на Судскиот портал на судот.

Доколку обвинетиот признае вина на главна расправа, тогаш се носи пресуда по признание на вина без утврдување на фактичка

состојба надвор од признанието на вина и описот на обвинението, туку се изведуваат само докази кои се однесуваат на утврдување на санкцијата/казната. На ваквата пресуда, обвинетиот има право на жалба само на висината на санкцијата и не може да ја оспорува фактичката положба.

## II.4 СУДЕЊЕ ВО ПРВ СТЕПЕН

Во Република Северна Македонија постојат 27 основни судови со основна (мала) и проширена надлежност кои се месно (според местото на сторување на делото) и стварно надлежни за водење на одреден вид на постапки, 4 Апелациони судови, Управен суд, Виш управен суд и Врховен суд.

За полесни кривични дела суди судија поединец или совет од судија и двајца судии-поротници

За потешки кривични дела суди совет од пет члена, составен од двајца судии и тројца судии-поротници.

За судење на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, како и за злоупотреба на полициски овластувања за територијата на целата држава, надлежен да постапува е Основниот кривичен суд во Скопје, како и Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Расправата пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни. Јавноста може да биде исклучена само во случаи утврдени со закон. *Член 102 од Уставот

Тие случаи се: заштита на интересите на националната безбедност, јавниот ред и мир, зачувување на моралот, заштита на интересите на малолетниците или приватноста на учесниците во постапката. Одлука за исклучување на јавноста носи судечкиот судија/совет и истата мора да биде јавно објавена и образложена на самото рочиште.

- Исклучување на јавноста надвор од оваа постапка се смета за битна повреда на постапката, на која повисокиот суд внимава по службена должност ако е истакнат навод во жалбена постапка.

- Сите субјекти во судска постапка во која се користат класифицирани информации мора да поседуваат безбедносен сертификат, освен лицето за чии права или одговорност се одлучува во постапката

- Неовластено откривање на класифицирана информација употребена во судска постапка се казнува со затвор од една до пет години

- Ако јавноста била исклучена од главната расправа, изреката на пресудата секогаш ќе биде прочитана на јавно заседание. Советот одлучува дали ќе ја исклучи јавноста и во кој дел при објавување на причините за пресудата.

- Кога се сослушува заштитен/загрозен сведок на рочиште јавноста не се исклучува. Судот го штити идентитетот на сведокот во законски утврдена постапка, кој не смеат да го откријат ниту странките, но не и неговиот исказ кој е јавен и има иста доказна вредност со исказите на другите сведоци.

- Процесната и институционална заштита на сведоците/соработниците на правдата не смее да има влијание за поинаков тек на главната расправа, освен веќе утврдената процедура за сослушување преку видео врска од друга просторија во Судот, со замаглен лик и мутиран глас.

- Откривање на идентитет на загрозен/заштитен сведок е казниво со закон.

- Постапките против малолетници се водат пред судија за деца или Совет и истите не се јавни.

- Во судовите предвидено е задолжително да има канцеларија за односи со јавноста, која по поднесено барање доставува примерок од барана одлука објавена на веб-страницата на судот, согласно закон или портпарол, судија или лице овластено од Претседателот на судот, кој комуницира со медиумите.

Судот ги овозможува потребните услови за јавност на работата на судот и соодветен пристап на медиумите, за актуелните информации и постапки, водејќи сметка за интересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката.

Времето, местото и предметот на судењето секојдневно се објавува на видно место пред просторијата во која се одржува судењето и на видео огласна табла. Календар на судења се објавуа и на интернет страница на судот.

За судењата од висок јавен интерес, судот обезбедува просторија за прием на поголем број лица
Претседателот на судот или лице одговорно за односи со јавноста, дава информации за работата на судот, односно за текот на постапката по конкретен предмет.

Претседателот на судот и лицето одговорно за односи со јавноста даваат информации за јавноста, водејќи сметка за угледот, честа и достоинството на личноста, односно независноста и самостојноста на судот.

По барање на претседателот на судот или лицето одговорно за односи со јавноста, судиите и овластените судски службеници кои постапуваат по одреден предмет навремено ги доставуваат бараните податоци.

Податоците во известувањата мора да бидат точни. Не се соопштуваат класифицираните информации со соодветен степен на тајност согласно закон.

Судиите и судските службеници кои писмено или усно искажуваат мислења во свое име пред медиуми за правни, општествени и други прашања во врска со одделни случаи од судската практика, должни се да истакнат дека го изнесуваат сопственото мислење.

Новинарите-известувачи и граѓаните можат да присуствуваат на јавните рочишта пред судовите без обврска претходно да имаат одобрение од судот. Судот обезбедува услови за нивното присуство и работа.

Визуелното (видео) и звучното (аудио) снимање, известување и фотографирање во кривичната постапка и јавно прикажување (репродуцирање) на снимката се врши по одобрение на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по претходно прибавено мислење од претседателот на советот, судиите, на начин предвиден со закон.

Барањето мора да се поднесе во рок од пет дена пред закажаното рочиште. Ненавременото барање нема да биде отфрлено ако се оправдани причините за доцнењето.

Барањето содржи: број на премет; назив на јавното гласило (медиумската куќа); имиња и состав на екипата (сниметелот, фотографот, асистентот и други); опис на техничката опрема што се внесува во судницата и планираниот начин на следење (видео, аудио, фото и друго); назначување на терминот во кој би се извршило снимањето.

Одлуката за одобрување на снимање и фотографирање зависи од интересот и довербата на јавноста, природата на случајот, интересот на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката.

Одобрението е со важност од денот на даденото одобрение до завршување на расправата по кривичниот предмет. *Начелен став на Општата седница на Врховниот суд на РСМ од 14.07.2023 година

Снимањето и фотографирањето се одвива под надзор на судијата, односно претседателот на советот, на начин со кој се обезбедува непречен тек на постапката, ред во судницата и почитување на достоинството на судот.

Снимањето и фотографирањето во судот може да се прекине или ограничи: ако побараат странките, а по одлука на судот во било кое време; ако е исклучена јавноста за дел од постапката или за одредено процесно дејствие; ако сведокот оштетениот од кривичното дело го бара тоа, за време додека трае неговото сведочење; ако судот најде дека некој учесник во постапката би можел да биде изложен на опасност, срам, настанување на штета или би можеле да настанат пречки во примената на законските

мерки на принуда или ако поради природата на доказите што треба да се изведат тоа е задолжително (сослушување на заштитени сведоци, малолетници и др.)

Постои пракса за пренос во живо при давање на завршен збор и/или при изрекување на пресуда во кривични предмети од поширок јавен интерес за што одлучува судечкиот совет.

Во судницата се обезбедува посебен дел за медиумските екипи и набљудувачите, доколку е можно со посебен влез. За да се обезбеди сместување во резервираниот дел на судницата, новинарите и набљудувачите го известуваат судот за намерата да присуствуваат.

Судскиот службеник, односно припадник на судската полиција се грижи лицата кои имаат одобрение да ги заземат резервираните места, како и новинарите и набљудувачите за чие присуство не е потребно посебно одобрение.

По барање на судијата, судскиот службеник, припадникот на судската полиција новинарот ја дава на увид новинарската легитимација и го соопштува името на медиумската куќа за која известува.

Не е дозволено давање предност на една медиумска куќа при давањето одобрение или при сместувањето во резервираниот дел од судницата.

Снимателската и другата опрема (мобилните телефони, компјутерите) не смеат да произведуваат ефекти коишто го одвлекуваат вниманието. Опремата не може да се внесува или изнесува од судницата без одобрение на судијата или претседателот на советот.

Судот може да го определи начинот на работа и известувањето во затворен систем од страна на интерна телевизија, со цел да се овозможи слободен пристап и преземање на видео и тонските записи (слики, тон, глас).

Ако издавањето на копии значи материјален трошок за судот, тоа ќе го надомести барателот на одобрението.

Фотографирањето, снимањето во судот и јавното прикажување може да се изврши врз основа на претходно прибавено писмено одобрение на претседателот на судот.

Фотографирањето и видео снимањето во зграда вон текот на судската постапка го одобрува претседателот кој управува со зградата во која се наоѓаат судските простории.

Надвор од судењето, снимањето и фотографирањето во зградата на судот може да се врши со одобрение на претседателот на судот кој раководи со зградата.

Пред објавување на пресудата, членовите на Советот се советуваат и гласаат. Се составува записник за тоа кој како гласал, истиот е таен, се запечатува во коверт и тој може да биде отворен само во утврдена процедура пред второстепениот суд по жалба, за нивно информирање.

Записниците од рочиштата се информација од јавен карактер по правосилноста на пресудата



III

# ЈАВНОСТ ВО ГРАЃАНСКАТА ПОСТАПКА

Основниот суд Скопје II Скопје е специјализиран граѓански суд за подрачјето на градот Скопје, а постапува и по тужби против државните органи, чие седиште е во градот Скопје, независно колку подрачни единици или одделенија имаат истите.

Во другите градови, судовите со општа или проширена надлежност постапуваат во граѓанските/парнични постапки преку оддели/отсеци во самиот суд.

Согласно член 102 од Уставот на Република Северна Македонија, расправата и пред граѓанските/парнични судови и изрекувањето на пресудите се јавни.

Јавноста може да биде исклучена врз истите основи како во кривичната постапка.

Дополнително, јавноста секогаш е исклучена во споровите со основ развод, утврдување и оспорување на татковство и мајчинство, доделување на дете, издршка на дете, семејно насилство.

Се води сметка за интересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката. Судот дава информации за јавноста, водејќи сметка за тоа да не се наруши угледот, честа и достоинството на личноста, односно независноста и самостојноста на судот.

Правилата за присуство на јавноста на рочишта од граѓанската област, правото на медиумите да имаат пристап до судот и информации од судот, се исти како и во кривичната постапка со одредени исклучоци

Еден од тие исклучоци е што одобрение за снимање/фотографирање во парничната постапка дава претседателот на судот, а по претходно прибавено мислење на судијата кој постапува по предметот и со писмена согласност на странките.

Судот го цени јавниот интерес во конкретен предмет при одлучувањето да дозволи снимање и фотографирање на парницата.

Надвор од судењето, снимањето и фотографирањето во зградата на судот може да се врши со одобрение на претседателот на судот кој раководи со зградата.

Истите одредби важат и за постапките пред Управните судови, во случаи кога судот одлучува на јавни заседанија.



IV

# ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИТЕ И ВРХОВНИОТ СУД

- Доколку некоја од странките во кривичната постапка е незадоволна и се жали на првостепената пресуда, постапува надлежнот Апелациониот суд

- Во Апелационите судови по жалба одлучува Совет составен од тројца или петмина судии во зависност од казната.

- По барање на странките и расправата пред Апелациониот суд може да биде јавна

- Доколку Апелациониот суд одлучи да отвори расправа и да донесе мериторна одлука, тогаш во кривичните и граѓанските постапки во втор степен одлучува совет составен од двајца судии и тројца судии-поротници. За таквите одлуки по жалба одлучува Врховниот суд.

По жалба на одлуките на Кривичниот суд по предметите од областа на организираниот криминал и корупција одлучува Апелациониот суд во Скопје, како и Врховниот суд по редовни или вонредни правни лекови.

Во Врховниот суд, по редовни и вонредни правни средства одлучуваат совети составени од тројца или петмина судии.

Претседателот на Врховниот суд може да дозволи медиумите да присуствуваат на Општа седница, доколку на неа се расправаат прашања од пошироко правно значење и јавен интерес.

При одлучување по жалби против Решенијата/одлуките на Судскиот совет, во Врховниот суд се формира Жалбен совет составен од 9 судии, од Врховниот суд, Апелационите судови и од Основниот суд, доколку станува збор за судија на Основен суд. Доколку судијата бара јавност во постапката пред Жалбениот суд на Врховниот суд, Советот заседава на јавно заседание.

Врховниот суд одлучува и по приговори на судиите против Годишен распоред за работа во судот.

Судија на Врховниот суд издава наредби за следење на комуникации за кривични дела против државата и Уставниот поредок, а за другите дела тоа го прави судија на претходна постапка во надлежниот Основен суд.



# V

# ОБЈАВУВАЊЕ СУДСКИ ОДЛУКИ

- Судските одлуки се достапни на увид и препис на секое заинтересирано лице, освен во случаите кога јавноста е исклучена.

- Судовите не ги објавуваат неправосилните одлуки (пресуди и решенија)

- Исклучок се неправосилните одлуки кои се однесуваат на предмети од јавен интерес кои се објавуваат на веб страницата на судот *Начелен став на Општата седница на Врховниот суд на РСМ од 21.12.2022 година

- Донесените правосилни одлуки судовите задолжително ги објавуваат на веб страницата на судот во рок од 7 дена од правосилноста.
  Во пракса, судовите не секогаш ја почитуваат оваа законска обврска.

Кај правосилните одлуки, првостепениот суд објавува име и презиме на странките, називот на правното лице, а се анонимизира адресата на живеалиште, седиштето на странките, единствениот матичен број на граѓанинот или субјектот и личните податоци на сведоците и оштетените во постапката.

Сите судски пресуди се јавни и достапни во електронски или печатени примероци, освен во случаите кога јавноста е исклучена, согласно Уставот, процесниот закон или меѓународни договори ратификувани согласно со Устав.

Објавените судски одлуки на судскиот портал се бришат после пет години. За кривичните предмети може да останат и подолго, согласно донесено решение за бришење на правните последици од осудата.

Врховниот суд води база на пресуди, без анонимизација на податоците. Под строги услови, можен е пристап и за научно-истражувачки цели.

Врховниот суд има посебна внатрешна процедура за што побрзо движење на предметите од кривична област. За предметите од висок јавен интерес редовно се информира канцеларијата за односи со јавност, а по одобрение на Претседателот на судот и медиумите.



# VI
# ОДРЕДБИ ОД КОДЕКСОТ НА НОВИНАРИТЕ

Новинарите треба да објавуваат точни и проверени информации, во кои нема да прикриваат суштински податоци и да фалсификуваат документи и ќе ја почитуваат приватноста на личноста, освен кога јавниот интерес е посилен од приватниот,

Информирањето во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни семејни трагедии, болести, судски постапки, мора да биде ослободено од сензационализам,

Во текот на судските постапки новинарите треба да го почитуваат принципот на презумција на невиност, да известуваат за сите страни вклучени во спорот и да не сугерираат пресуда,

Новинарите нема да говорат со јазикот на омразата и нема да поттикнуваат на насилство и на дискриминација по каква било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална или политичка определба).

# VII ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОТВОРЕНО СУДСТВО

Претставниците на судската власт, невладините организации и установи на 30 март 2022 година потпишаа „Декларација за отворено судство“, документ кој ја потенцира транспарентноста, отчетноста и јавноста во работата на судската власт во Република Северна Македонија.

Целта на оваа Декларација е да ја зголеми достапноста на правосудните органи во Република Северна Македонија до граѓаните преку: Промоција за зголемен пристап и транспарентност на информациите за работа на судството, олеснување на пристапот до информациите за судството и унапредување на информатичката инфраструктура на правосудните органи за ефикасна електронска комуникација на јавно достапните информации.

Суштинското значење на Декларацијата треба да претставува унапредување на отвореноста на судовите и правосудните институции преку која граѓаните како и останатите засегнати страни ќе можат да дојдат до официјални информации за нивното работењето преку интернет или директно во самите институции. Ваквиот начин на овозможување директен пристап од страна на граѓаните директно треба да влијае кон подобрување на транспарентноста, отчетноста и ефикасноста на судовите и правосудните органи.

Можноста за директно следење на работата на судовите и правосудните институции од страна на граѓаните и медиумите ќе влијае како коректив на нивното работење во насока на почитување и спроведување на темелната вредност, владеење на правото од Уставот на Република Северна Македонија.



# VIII
# РЕЛЕВАНТНИ ДОКУМЕНТИ:

**Препорака Rec (2003)13 на Комитетот на министри до земјите членки за давање информации преку медиумите во врска со кривичните постапки**

Усвоена од Комитетот на министри на 10 јули 2003 година на 848-от Состанок на Претставниците на министрите

## НАЧЕЛА ПОВРЗАНИ СО ДАВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ

## НАЧЕЛО 1

**ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ**

Јавноста мора да биде во можност да добива информации во врска со активностите на судските органи и полициските служби преку медиумите. Затоа, новинарите мора да бидат во можност слободно да известуваат и коментираат за функционирањето на системот на кривичната правда, освен во случаи кога ова е ограничено според следниве начела.

## НАЧЕЛО 2

### ПРЕЗУМЦИЈА НА НЕВИНОСТА

Почитувањето на начелото за презмција на невиност е неотуѓив дел од правото на правично судење. Според ова, мислењата и информациите поврзани со тековни кривични постапки треба да се објавуваат или дистрибуираат преку медиумите кога таквото дејство не влијае врз презумцијата на невиност на осомничениот или обвинетиот.

## НАЧЕЛО 3

### ТОЧНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ

Судските органи и полициските служби треба да им обезбедат на медиумите само верифицирани информации или информации кои се засновани на разумни претпоставки. Во случаи на разумни претпоставки, медиумите тоа треба јасно да го истакнат.

## НАЧЕЛО 4

### ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ

Кога новинари законски обезбедиле информации во контекст на тековна кривична постапка, од судските органи или полициските служби, таквите органи и служби мора да ги направат достапни таквите информации, без дискриминација, до сите новинари кои ќе дадат или веќе дале такво барање.

## НАЧЕЛО 5

### НАЧИН НА ДАВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ

Кога судски органи и полициски служби самите одлучиле да им дадат информации на медиумите во контекст на тековни кривични постапки, таквите информации треба да бидат дадени врз недискриминаторска основа, и, кога тоа е можно, издадени преку соопштенија за медиумите,
конференции за медиумите и тоа од страна на овластени службеници или слични овластени средства.

## НАЧЕЛО 6

### РЕДОВНО ИНФОРМИРАЊЕ ВО ТЕКОТ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Во контекст на кривични постапки од јавен интерес или други кривични постапки кои добиле посебно внимание во јавноста, судските органи и полициските служби треба да ги информираат медиумите за нивните најзначајни акти, до степен до кој таквото информирање нема да влијае врз тајноста на истрагите и полициските акции или пак до степен до кој нема да го одложи или спречи исходот на таквите постапки. Во случаи на кривични постапки кои се случуваат во подолг период, ваквото информирање треба да се случува редовно.

## НАЧЕЛО 7

### ЗАБРАНА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ИНФОРМАЦИИ

Судските органи и полициските служби не треба да злоупотребуваат информации за тековни кривични постапки за комерцијални потреби или други потреби кои не се поврзани со релевантните потреби за спроведување на законот.

## НАЧЕЛО 8

### ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА ВО КОНТЕКСТ НА ТЕКОВНАТА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

При давање информации во врска со осомничени, обвинети или осудени лица или други страни во кривичните постапки, треба да се почитува правото на заштита на приватноста, во согласност со Член 8 од Конвенцијата. Посебна заштита треба да им се обезбеди на оние страни во постапките кои се малолетни лица или други ранливи групи, како и за жртвите, сведоците и семејствата на осомничените, обвинетите и осудените лица. Во сите случаи, особено внимание треба да му се даде на штетниот ефект што може да го предизвика откривањето информации со кои се идентификуваат лицата споменати во ова начело.

## НАЧЕЛО 9

### ПРАВО НА ИСПРАВКА ИЛИ ПРАВО НА ОДГОВОР

Без предрасуди за достапноста и на други правни лекови, секое лице кое било предмет на некоректно или клеветничко медиумско известување во контекст на кривична постапка, има право за соодветна исправка или одговор, против медиумот за кого станува збор. Правото на исправка исто така треба да биде достапно и во врска со соопштенија за медиумите кои содржат неточни информации, а кои биле објавени од страна на судски органи или полициски служби.

## НАЧЕЛО 10

### ЗАШТИТА ОД ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕДРАСУДИТЕ

Во контекст на кривични постапки, посебно оние кои вклучуваат поротници, судските органи и полициските служби треба да се откажат од обезбедување јавни информации со кои се јавува ризик на воведување значителни предрасуди во правичноста на постапките.

## НАЧЕЛО 11

### ШТЕТЕН ПУБЛИЦИТЕТ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА

Во случаи кога обвинетиот може да покаже дека постои голема можност обезбедувањето информации дека ќе резултира, или веќе резултирало во нарушување на неговото или нејзиното право на правично судење, обвинетиот или обвинетата треба да добие право на ефективен правен лек за тоа.

## НАЧЕЛО 12

### ДОЗВОЛА ЗА ВЛЕЗ НА НОВИНАРИ

На новинарите треба да им биде дозволен влез на јавните парници и јавните прогласувања на пресудите, без дискриминација и без услов за претходно обезбедување акредитации. Новинарите не треба да бидат изземени од судските парници, освен ако и до оној степен до кој јавноста е изземена од парниците, во согласност со Член 6 од Конвенцијата.

## НАЧЕЛО 13

### ПРИСТАП НА НОВИНАРИТЕ ВО СУДНИЦАТА

Надлежните органи, освен ако постои јасна невозможност за тоа, треба во судниците да обезбедат одреден број места, наменети за новинари, кои ќе бидат доволни за да се одговори на таквата побарувачка, без да го исклучат присуството на јавноста во судницата.

## НАЧЕЛО 14

### ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ЖИВО И СНИМАЊЕ ВО СУДНИЦАТА

Известувањето во живо или снимањето на судниците од страна на медиумите не треба да биде можно, освен ако тоа не е изрично дозволено со закон или од страна во случаи кога не постои сериозен ризик од несоодветно влијание врз жртвите, сведоците, страните во случајот на кривична постапка, поротниците или судиите.

## НАЧЕЛО 15

### ПОДДРШКА ЗА МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Од страна на надлежните органи, во соодветен рок, треба да им се обезбедат на новинарите, по нивно барање, известувања за закажаните парници или изрекување обвинителни акти и други релевантни информации за медиумското правно известување, освен во случај кога тоа е невозможно. На новинарите треба да им биде дозволено, без дискриминација, да прават или да добиваат копии од јавно прогласените пресуди. Новинарите треба да имаат можност јавно да ги дистрибуираат или да ги објавуваат ваквите пресуди.

## НАЧЕЛО 16

### ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ

Идентитетот на сведоците не треба да се открива, освен ако одреден сведок дал претходна согласност за тоа или ако идентитетот на сведокот претставува јавен интерес или пак ако неговото сведочење веќе било изнесено во јавност.
Идентитетот на сведоците не треба воопшто да се открива ако со тоа се загрозува нивниот живот или сигурност. Посебно внимание ќе се даде на програмите за заштита на сведоци,

особено во кривични постапки против организиран криминал или криминал во семејството.

## НАЧЕЛО 17

**МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СУДСКАТА КАЗНА**

На новинарите треба да им биде дозволено да контактираат со лица кои служат судски казни во затворите, до оној степен до кој ваквиот контакт не му штети на правичното спроведување на правдата, на правата на затворениците и затворските службеници, или пак на безбедноста на затворот.

## НАЧЕЛО 18

**МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ПО ИЗВРШУВАЊЕТО НА СУДСКАТА КАЗНА**

Со цел да не им се наштети реинтеграцијата во општеството на лица кои отслужиле судски казни, правото на заштита на приватноста според Член 8 од Конвенцијата треба да го вклучува и правото на заштита на идентитетот на вакви лица, во врска со нивни претходни дела, по завршувањето на нивната судска казна, освен ако тие самите изрично се согласиле нивниот идентитет да биде откриен или пак ако тие самите и нивното претходно дело, повторно станат или станале јавен интерес.